# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 27** **11 февруари 2026, среда** **година LXXXII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 383. | **Уредба** за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2026 година………………………… | 2 |
| 384. | **Одлука** за давање согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола за 2026 година……………… | 25 |
| 385. | **Одлука** за потврдување на Финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити за 2026 година….. | 25 |
| 386. | **Одлука** за усвојување на Годишната програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2026 година…. | 25 |
| 387. | **Програма** за финансиска поддршка во земјоделството за 2026 година…. | 25 |
| 388. | **Програма** за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2026 година………………………… | 28 |
| 389. | **Решение** за давање дозвола за работење на инвестициски советник…… | 29 |
| 390. | **Одлука** за изменување и дополнување на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија………………... | 30 |
| 391. | **Решение** за започнување на постапка за утврдување на регулаторна тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД „РОСОМАН“ за 2026 и 2027 година од регулиран период 2025 - 2027 година…………… | 34 |
| 392. | **Договор** за воспоставување на меѓуопштинска соработка за вршење надлежности од областа на инспекцијата……………………………... | 35 |
| | **Огласен дел**………………………... | 1-76 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**383.**

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 февруари 2026 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

**Предмет на уредување**

Со оваа уредба се пропишуваат поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2026 година.

Член 2

Поблиски критериуми по површина земјоделско земјиште, единица земјоделски производ и грло добиток, висина на директни плаќања

(1) Поблиските критериуми по површина земјоделско земјиште, единица земјоделски производ и грло добиток, како и висината на директните плаќања во зависност од видот на културата, класата и квалитетот на земјоделскиот производ и видот на добитокот, се утврдуваат по области согласно подмерките утврдени согласно деловите II, III, IV и V од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2026 година.

(2) Поблиските критериуми за подмерките од мерката за основна поддршка на доходот на земјоделските стопанства од дел II од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2026 година се следни:

| Број на подмерка | Име на подмерката | Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања |
|---|---|---|
| 1.1. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за поледелски култури | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои во производната 2025/2026 година имаат засеани и ожнеани површини со следните култури: пченица, јачмен, пченка, ориз,`рж, овес, тритикале, просо, сончоглед, маслодајна репка за човечка исхрана, добиточна репка, афион, анасон, фацелија, граор, еспарзета, добиточен грашок и наут (слануток), за засеана или одржувана површина со луцерка, едногодишни засеани култивирани лековити, ароматични и зачински растенија и повеќегодишни култивирани лековити, ароматични и зачински растенија;<br>- Корисници на оваа подмерка се и земјоделски стопанства кои во 2026 година имаат засадени површини под тутун и оствареното производство го имаат договорено и продадено во регистрирани откупувачи на тутун запишани во Регистарот на откупувачи на тутун;<br>-Корисници на оваа подмерка се и земјоделски стопанства кои се запишани во Регистарот на снабдувачи на семенски материјал согласно Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија;<br>-Минимум засеана површина збирно за сите култури е 0,7 ха во производната 2025/2026 година, со исклучок на тутун каде што минимум засеана површина е 0,2 ха;<br>-Висината на директни плаќања за јачмен, пченка, `рж, овес, тритикале, просо, тутун, добиточна репка, анасон, фацелија, граор, еспарзета, добиточен грашок и наут (слануток) од алинејата 1 од оваа подмерка, без употреба на сертифициран семенски материјал изнесува 6.000 денари по хектар, освен за оризот каде што висината на поддршката изнесува 18.000 денари по хектар со исклучок на сортата чистач (clear fields) која не е опфатена со оваа подмерка;<br>- Висината на директните плаќања за |

| | | |
|---|---|---|
| | | пченица со употреба на сертифициран семенски материјал согласно минимално употребената количина на семе по хектар изнесува 18.000 денари по хектар, а за јачмен и пченка 13.000 денари по хектар;<br>- Висината на директните плаќања за сончоглед и маслодајна репка, со употреба на сертифициран семенски материјал согласно минимално употребената количина на семе по хектар изнесува 10.500 денари по хектар;<br>-Корисниците од алинеја 1 на оваа подмерка кои имаат засеани и ожнеани површини со пченица, јачмен, сончоглед, маслодајна репка и афион и треба оствареното производство да го имаат продадено во период од 1 јуни до 15 октомври 2026 година или складирано кај регистриран откупувач, вклучително и количините произведени за потребите на сопствениот преработувачки капацитет, а да се запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи и/или производството го продале во период од 1 јуни до 15 октомври 2026 година на регистрирани одгледувачи на добиток, како и да го употребиле за сопствени потреби за исхрана на добиток регистриран со регистарски број на одгледувалиште во Регистарот на одгледувачи на животни во Агенцијата за храна и ветеринарство.<br>Прифатлив број на животни на површина од 0,7 хектари: едно говедо или еден копитар, односно 10 овци или кози, односно 4 свињи, односно 100 кокошки, мисирки, гуски, патки или бисерки;<br>-Висината на директни плаќања е условена со минимални просечни приноси и тоа: 3.000 кг/ха за пченица и јачмен, 1.500 кг./ха за сончоглед, 2.000 кг/ха за маслодајна репка и 300 кг/ха за афион, со исклучок во случај кога има спроведено постапка за природна непогода согласно Законот за заштита и спасување;<br>-Листата на едногодишни засеани култивирани лековити, ароматични и зачински растенија кои се предмет на директни плаќања согласно алинејата 1 од оваа подмерка е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на оваа уредба;<br>-Листата на повеќегодишни култивирани лековити, ароматични и зачински растенија кои се предмет на директни плаќања за алинеја 1 од оваа подмерка е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на оваа уредба;<br>- Табелата за минимално употребената количина на семе по хектар е дадена во Прилог 3 кој е составен дел на оваа уредба и<br>-Висината на поддршката од алинејата 5, 6 и 7 од оваа подмерка се намалува со зголемување на пријавените површини и тоа: од 0,7 ха до 50 ха 100%, од 50 ха до 100 ха 60% и над 100 ха 30% збирно за сите култури, со исклучок на тутунот. |
| 1.2. | Директни плаќања по обработлива површина за лозови и овошни насади | - Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат минимум 0,5 ха одржувана површина со постоечки лозови насади или земјоделските стопанства кои имаат |

| | | |
|---|---|---|
| | | овошни насади збирно 0,5 ха за следните овошни видови: јаболка, слива, праска, круша, вишна, кајсија, цреша, јагода на отворено, малина, капина, боровинка, дуња, актинидија, маслинка, калинка, јапонско јаболко, смоква, аронија, шип, гоџи бери, бадем, лешник, орев и питом костен и се регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства;<br>- Прифатлив минимален број на овошни-садници по хектар за секој овошен вид одделно е даден во Табела за минимален број на овошни - садници по хектар за постоечки производни овошни насади по овошни видови во Прилог 5 кој е составен дел на оваа уредба;<br>- Висината на поддршката за лозови насади и јаболко изнесува 42.000 денари на хектар;<br>- Висината на поддршката за слива, цреша и праска изнесува 37.000 денари на хектар;<br>- Висината на поддршката за вишна, кајсија и круша изнесува 34.000 денари на хектар;<br>- Висината на поддршката за јапонско јаболко и калинка изнесува 25.000 денари на хектар;<br>- Висината на поддршката за лешник, бадем и орев изнесува 24.000 денари на хектар;<br>- Висината на поддршката за јагода на отворено, малина, капина, боровинка, дуња, актинидија, маслинка, смоква, аронија, шип, гоџи бери и питом костен изнесува 12.000 денари на хектар;<br>- Висината на поддршката од алинеите 3, 4, 5, 6 и 7 од оваа подмерка е условена со предадено минимум 30% од минимално утврдената количина согласно Прилог 7 кој е составен дел од оваа уредба во период од 1 мај до 1 декември 2026 година кај откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи, со исклучок во случај кога има спроведено постапка за природна непогода согласно Законот за заштита и спасување ;<br>-Максималниот исплатен износ за бадем, лешник и орев изнесува 2.000.000 денари по корисник;<br>- Висината на поддршката од алинеите 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од оваа подмерка за овошните култури се намалува со зголемување на пријавените површини и тоа: од 0,5 ха до 5 ха 100%, од 5,1 ха до 30 ха 60% и над 30 ха 30%, а висината на поддршката за лозови насади од оваа подмерка се намалува со зголемување на пријавените површини и тоа: од 0,5 ха до 10 ха 100%, од 10 ха до 30 ха 60% и над 30 ха 30% и<br>- Минималниот потребен број на лозови садници е 1.389 садници по хектар, за насади подигнати до 15 мај 2026 година. |
| 1.3. | Директни плаќања по обработлива површина за градинарски култури на отворено и во пластеници | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат засеани и обрани површини со следниве градинарски култури: домати, пипер, лубеница, диња, тиква, грав, боранија, грашок, компир, краставици, корнишони, зелка, кељ, кромид, лук, праз, тиквички, зелена салата, брокула, спанаќ, карфиол, модар патлиџан, морков, целер, цвекло, пашканат; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Минимум засеана површина за сите култури е 0,3 ха збирно за сите култури;<br>- Висината на поддршката за домати, пипер, краставици, корнишони, зелка, грав, компир, карфиол и морков изнесува 30.000 денари по хектар;<br>- Висината на поддршката за лубеница, диња, модар патлиџан, цвекло, тиква, кромид, боранија, грашок, кељ, лук, праз, тиквички, зелена салата, брокула, спанаќ, целер, пашканат, изнесува 12.000 денари по хектар и<br>-Висината на поддршката од алинеите 3 и 4 од оваа подмерка се намалува со зголемување на пријавените површини и тоа: од 0,3 ха до 10 ха 100%, од 10 ха до 50 ха 60%, од 50 ха до 100 ха 30% и над 100 ха 10% збирно за сите градинарски култури. |
| 1.4. | Директни плаќања по обработлива површина за градинарски култури во контролирани услови | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства производители на домати, пиперки и краставици во затворени простории за производство во контролирани услови и производството да е продадено на домашен пазар или остварен извоз во период од 1 јануари до 15 мај 2026 година;<br>-Висината на дополнителните директни плаќања изнесува 120.000 денари по хектар;<br>-Висината на поддршката за оранжерии кои се загреваат е условена со минимални просечни приноси: домати 50.000 килограми по хектар, пиперки 30.000 килограми по хектар и краставици 80.000 килограми по хектар и<br>-Висината на поддршката за пластеници кои се загреваат е условена со минимални просечни приноси: домати 20.000 килограми по хектар, пиперки 15.000 килограми по хектар и краставици 32.000 килограми по хектар и<br>-Максималниот исплатен износ за домати, пиперки и краставици изнесува 2.500.000 денари по корисник. |
| 1.5. | Директни плаќања за површини наменети за зелено ѓубрење или угар во плодоред | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои располагаат со обработлива земјоделска површина оставена за угар или зелено ѓубрење во време од една година и на истата е спроведена најмалку една од следните агротехнички мерки најдоцна до 15 јули 2026 година и тоа:<br>1. угарење односно заорување на површината;<br>2. зелено ѓубрење односно сеидба на мешавина од житни и протеински култури за зелено ѓубрење и нивно заорување во рана пролет;<br>3. косење, мулчирање или било каков метод на обработка што целосно ќе спречи несакан развој на вегетација;<br>- Минималната прифатлива површина за која се исплаќа финансиската поддршка изнесува 25% од вкупно пријавената површина збирно за подмерките 1.1. и 1.3. од овој став и<br>- Висината на директните плаќања изнесува 3.000 денари по хектар доколку за оваа подмерка за која се пријавува има поднесено барање за таа парцела од Системот за идентификација на земјишни парцели (во натамошниот текст: СИЗП) во претходната година по обработлива земјоделска површина со поледелски и/или градинарски култури. |
| 1.6. | Директни плаќања за | -Корисници на оваа подмерка се |

| | | |
|---|---|---|
| | одржување на ливади | земјоделските стопанства кои располагаат со ливади, а се запишани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства и во СИЗП и се користат за косење на ливадата;<br>-Прифатлив број на животни на површина од 0,7 хектари: едно говедо или еден копитар, односно 10 овци или кози, односно 4 свињи;<br>-Минимум површина со ливади е 1 ха и<br>-Висината на директните плаќања за ливада изнесува 6.000 денари по хектар. |
| 1.7. | Директни плаќања за обележани женски грла говеда на возраст од 18 до 180 месеци | - Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства одгледувачи на говеда кои поседуваат минимум 3 женски говеда, кои се на возраст од 18 до 180 месеци на денот на поднесување барање за поддршка, ги имаат обележано и евидентирано во Регистарот на одгледувалишта на говеда и истите ќе ги чуваат најмалку до 30 ноември 2026 година и сопственото производство на млеко го имаат предадено на регистриран откупувач на сурово млеко како корисници на подмерката 3.5. од став (4) на овој член или предале или заклале говеда во 2026 година во регистрирани кланични капацитети запишани во Регистар на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло;<br>-Корисници на оваа подмерка се и земјоделските стопанства одгледувачи на говеда кои поседуваат минимум три женски говеда, кои се на возраст од 18 до 180 месеци на денот на поднесување барање за поддршка, ги имаат обележано и евидентирано во Регистарот на одгледувалишта на говеда и истите ќе ги чуваат најмалку до 30 ноември 2026 година и се евидентирани или регистрирани од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство како примарни производители на производи од животинско потекло за млеко и производи од млеко и месо и производи од месо согласно прописите од областа на безбедноста на храната или се одобрени од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство како оператори со храна;<br>-Бројот на обележани грла се пресметува скалесто и тоа: од 3 грла до 100 грла 100%, од 101 грла до 150 грла 70%, од 151 грла до 300 грла 40% и над 301 грла 20% и<br>-Висината на директните плаќања изнесува 8.000 денари по женско грло кое на денот на поднесувањето на барањето има наполнето 18 месеци, но не повеќе од 180 месеци. |
| 1.8. | Директни плаќања за обележани женски грла говеда на возраст од 6 до 18 месеци | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат говеда, кои ги имаат обележано и евидентирано во Регистарот на одгледувалишта на говеда и<br>-Висината на директните плаќања изнесува 3.000 денари и се исплаќа за женско грло говедо кое на денот на поднесување на барањето е на возраст од 6 до 18 месеци и истото ќе го чува најмалку до 30 ноември 2026 година. |
| 1.9. | Директни плаќања за обележани грла овци постари од 12 месеци | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства одгледувачи на овци кои поседуваат минимум 30 овци кои |

| | | |
|---|---|---|
| | | се постари од 12 месеци на денот на поднесување на барање за поддршка и се евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на овци/кози и истите ќе ги чуваат најмалку до 30 ноември 2026 година;<br>-Корисниците на оваа подмерка потребно е да имаат најмалку 30% предадени или заклани јагниња во регистрирани кланични капацитети, запишани во Регистар на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло, од бројот на декларираните грла овци во барањето за финансиска поддршка од оваа подмерка;<br>-Корисници на оваа подмерка се и земјоделски стопанства кои имаат произведено и предадено овчо млеко најмалку 500 литри во 2026 година на регистрирани откупувачи на сурово млеко и<br>-Висината на директните плаќања изнесува 3.000 денари по грло. |
| 1.10. | Директни плаќања за обележани грла кози постари од 12 месеци | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства одгледувачи на кози кои поседуваат минимум 30 кози кои се постари од 12 месеци на денот на поднесување на барање за поддршка и се евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на овци/кози и истите ќе ги чуваат најмалку до 30 ноември 2026 година и<br>-Висината на директните плаќања изнесува 3.000 денари по грло. |
| 1.11. | Директни плаќања за женски приплодни грла свињи маторици | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат женски приплодни грла свињи маторици и поседуваат минимум 10 грла женски приплодни грла свињи маторици и истите ќе ги чуваат најмалку до 30 ноември 2026 година и<br>-Висината на директните плаќања изнесува 4.000 денари по женски приплодни грла свињи. |
| 1.12. | Директни плаќања за регистрирано презимено пчелно семејство | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои поседуваат минимум 30 регистрирани презимени пчелни семејства;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 600 денари по презимено пчелно семејство;<br>-На земјоделските стопанства кои имаат над 50 презимени пчелни семејства регистрирани во Регистарот на одгледувалишта на пчели се исплаќаат дополнителни 200 денари по презимено пчелно семејство ако имаат исполнето едно од следните барања:<br>1. да се евидентирани или регистрирани од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство како примарни производители на производи од животинско потекло или<br>2. да се одобрени од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство како оператори со храна или<br>3. да имаат предадено мед во објект одобрен од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство и<br>- Потребното одржување на бројот на пријавените презимени пчелни семејства е до 30 септември 2026 година. |

(3) Поблиските критериуми за подмерките од мерката за дополнителна поддршка на доходот на земјоделските стопанства од дел III од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2026 година се следни:

| Број на подмерка | Име на подмерката | Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања |
|---|---|---|
| 2.1. | Дополнителни директни плаќања за земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности (ПОМ) | - Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои согласно член 77 став (8) од Законот за земјоделство и рурален развој вршат земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство и се корисници од подмерките 1.1., 1.2., 1.3., 1.7., 1.8., 1.9., 1.10., 1.11, и 1.12 од ставот (2) на овој член;<br>- Висината на директни плаќања за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство е 15% од вкупната основна поддршка на доходот на земјоделските стопанства од подмерките од ставот (2) на овој член и се доделува на следниот начин:<br>а) директни плаќања по површина обработено земјоделско земјиште кај сите пријавени парцели кои се наоѓаат на надморска висина поголема од 700 метри согласно СИЗП за подмерките 1.1., 1.2. и 1.3. од ставот (2) на овој член и<br>б) директни плаќања по грло добиток и пчелно семејство за регистрирани одгледувалишта во населени места со надморска висина поголема од 700 метри или со број на жители помал од 100 за подмерките 1.7., 1.8., 1.9., 1.10., 1.11. и 1.12. од ставот (2) на овој член. |
| 2.2. | Дополнителни директни плаќања за одделни категории носители на земјоделско стопанство | -Корисници на оваа подмерка се носители на земјоделски стопанства и тоа: млад земјоделец, регистрирани вршители на земјоделска дејност согласно Законот за вршење земјоделска дејност и регистрирани индивидуални земјоделци согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување;<br>-Висината на директните плаќања за млад земјоделец е 10% од вкупната основна поддршка на доходот на земјоделските стопанства од ставот (2) на овој член;<br>-Висината на директните плаќања за регистриран вршител на земјоделска дејност согласно Законот за вршење земјоделска дејност е 30% од вкупната основна поддршка на доходот на земјоделските стопанства од ставот (2) на овој член, но не повеќе од 1.000.000 денари по корисник и<br>-Висината на директните плаќања за регистриран индивидуален земјоделец согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување е 20% од вкупната основна поддршка на доходот на земјоделските стопанства од ставот (2) на овој член, но не повеќе од 500.000 денари по корисник. |
| 2.3. | Дополнителни директни плаќања за зголемен пријавен број на грла во основно стадо (говеда, овци и кози) во однос на бројот за кој е одобрена финансиска поддршка од претходната календарска година за подмерките 2.1., 2.6. и 2.7. од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година | - Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат пријавено зголемен број на грла во основното стадо на говеда, овци и кози од претходната календарска година, запишани во Регистерот на одгледувалишта на животни и се корисници од подмерките 2.1., 2.6. и 2.7. од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година;<br>- Висината на директните плаќања изнесува 30% од утврдената во подмерките 1.7., 1.9. и 1.10. од ставот (2) на овој член и се однесува на зголемениот број грла оставен од |

| | | |
|---|---|---|
| | | сопствено стадо или купени грла и<br>- Прифатливиот зголемен број на грла во основното стадо на говеда, овци и кози е до 30%. |
| 2.4. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.12. од оваа уредба за пчелни семејства вклучени во селекција за производство на пчелни матици | - Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства запишани во Регистерот на одгледувалишта на пчели во Агенцијата за храна и ветеринарство и се регистрирани одгледувалишта на пчелни матици во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство или се земјоделски стопанства членови на регистрирано одгледувалиште на пчелни матици и<br>-Висината на директните плаќања изнесува 2.000 денари по пчелно семејство кое е во контрола и е вклучено во селекција за производство на пчелни матици. |
| 2.5. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.12. од оваа уредба за лабораториска анализа на физички и хемиски својства на мед | - Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои се запишани во Регистерот на одгледувалишта на пчели и поседуваат минимум 30 регистрирани презимени пчелни семејства и<br>-Висината на директните плаќања изнесува 50% од трошоците за лабораториска анализа на физички и хемиски својства на мед направена еднаш во 2026 година. |

(4) Поблиските критериуми за подмерките од мерката за директни плаќања по единица производ (по килограм, по литар, по грло, по пиле, по бројлер, по несилка, по растение) во растителното и сточарското производство од дел IV од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2026 година се следни:

| Број на подмерка | Име на подмерката | Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања |
|---|---|---|
| 3.1. | Директни плаќања за договорен и продаден ориентален ароматичен необработен тутун од реколта 2025 година | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои своето производство на тутун од реколта 2025 година го договориле и продале во регистрирано откупно претпријатие согласно Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) запишани во Единствен регистар на земјоделски стопанства и<br>-Висината на директните плаќања изнесува 80 денари по килограм за I-I класа, 70 денари по килограм за I-II класа, 60 денари по килограм за I-III класа, II-I класа од ориенталните дополнителни тутуни, од типовите Прилеп и Јака. |
| 3.2. | Директни плаќања за овошје и зеленчук предадени во преработувачки капацитети | -Корисници на оваа подмерка се сите земјоделски стопанства кои имаат засадени површини со градинарски култури и се корисници од подмерка 1.3. на оваа уредба, оствареното производство да е предадено во преработувачки капацитет директно или преку еден регистриран откупувач за зеленчук во период од 26 декември 2025 година до 25 декември 2026 година, запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи,<br>-Висината на директните плаќања изнесува 3 денари по килограм за сите градинарски култури освен за пиперката од сорта куртовска капија каде висината на директните плаќања изнесува 4 денари односно 5 денари по килограм за предадените количини во период мај-јуни 2026 година и ноември-декември 2026 година;<br>-Максималните приноси на одделните градинарски култури по хектар за |

| | | |
|---|---|---|
| | | реализација на оваа подмерка се дадени во Прилог 4 кој е составен дел на оваа уредба.<br>- Корисници на оваа подмерка се сите земјоделски стопанства кои имаат засадени површини со следните овошни видови: праска, вишна, цреша, слива, боровинка, малина, капина, аронија, гоџи бери, кајсија, јагода, калинка, лешник и бадем и се корисници на подмерката 1.2. од став (2) на оваа уредба и се регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства;<br>- Оствареното производство на праска, вишна, цреша, слива, боровинка, малина, капина, аронија, гоџи бери, кајсија, јагода и калинка да е предадено во преработувачки капацитет директно или преку еден регистриран откупувач за овошје во период од 26 декември 2025 година до 25 декември 2026 година, запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи;<br>- Оствареното производство на лешник и бадем да е предадено кај регистрирани откупувачи за период од 15 септември 2025 година до 31 март 2026 година, вклучително и произведените количини за потребите на сопствениот преработувачки капацитет запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи со минимум предадени количини од 800 килограми по хектар, а максимум 3.000 килограми по хектар;<br>- Висината на поддршката за овошните видови од алинеите 5 и 6 од оваа подмерка изнесува 3 денари по килограм за сите овошни култури освен за малина и лешник каде поддршката изнесува 5 денари по килограм и<br>- Максималните приноси за одделни овошни култури за реализација на оваа подмерка се дадени во Прилог 6, кој е составен дел на оваа уредба. |
| 3.3. | Директни плаќања за производство на семенски материјал за пченица, јачмен, ориз, тритикале и добиточен грашок | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства запишани во Регистарот на снабдувачи на семенски материјал кои се корисници на подмерка 1.1. од став (2) на овој член и имаат произведен или продаден или користен за сопствени потреби предосновен и основен семенски материјал за пченица, јачмен, ориз и тритикале во 2026 година и имаат добиено конечни сертификати согласно Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија;<br>-Корисници на оваа подмерка се и земјоделските стопанства запишани во Регистарот на снабдувачи на семенски материјал кои се корисници на подмерка 1.1. од став (2) на овој член и имаат произведен материјал од пченица, јачмен, ориз, тритикале и добиточен грашок од прва генерација (Ц1) во 2026 година и имаат добиено конечни сертификати согласно Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија, а семенскиот материјал |

| | | |
|---|---|---|
| | | да е продаден до 1 март 2027 година, додека за оризот да е продаден до 31 мај 2027 година;<br>-Минимална прифатлива сертифицирана количина за предосновен, основен и прва генерација (Ц1) семенски материјал за пченица, јачмен, ориз и тритикале е 2,5 тони по хектар пријавена површина, но не повеќе од 8 тони по хектар;<br>-Минимална прифатлива сертифицирана количина за добиточен грашок е 1 тон по хектар пријавена површина, но не повеќе од 1.5 тони по хектар и<br>-Висината на поддршката од алинеја 1 на оваа подмерка за произведен и продаден или користен за сопствени потреби предосновен семенски материјал изнесува 20 денари по килограм, а за основен семенски материјал изнесува 10 денари по килограм;<br>-Висината на поддршката од алинеја 2 на оваа подмерка за произведен и продаден семенски материјал од прва генерација (Ц1) изнесува 4 денари по килограм |
| 3.4. | Директни плаќања за производство на семенски материјал за тутун | - Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства запишани во Регистарот на снабдувачи на семенски материјал кои имаат произведен семенски материјал од тутун од прва генерација (Ц1) во 2026 година и имаат добиено конечни сертификати согласно Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија;<br>- Прифатлива сертифицирана количина за тутун е до 80 кг/ха пријавена површина;<br>-Висината на поддршката од алинеја 1 на оваа подмерка за произведено семе од тутун изнесува 1.000 денари по килограм. |
| 3.5. | Директни плаќања за произведено и предадено кравјо, овчо и козјо млеко | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства – производители на кравјо, овчо и козјо млеко регистрирани како одгледувачи на говеда, овци и кози во Регистарот на одгледувалишта на одредени видови животни (говеда, овци и кози) и сопственото производство го имаат предадено на регистриран откупувач на сурово млеко за период од јануари 2026 година до декември 2026 година, запишан во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи;<br>-Корисници на оваа подмерка се и земјоделските стопанства – производители на кравјо, овчо и козјо млеко регистрирани како одгледувачи на говеда, овци и кози во Регистарот на одгледувалишта на одредени видови животни (говеда, овци и кози) за произведеното млеко за период од јануари 2026 година до декември 2026 година, за потребите на сопствениот преработувачки капацитет запишан во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи;<br>-Минимална прифатлива количина млеко изнесува 300 литри месечно по земјоделско стопанство;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 6 денари по литар произведено и |

| | | |
|---|---|---|
| | | предадено кравјо млеко и -Висината на директните плаќања изнесува 7 денари по литар произведено и предадено овчо и козјо млеко. |
| 3.6. | Директни плаќања за одгледани и предадени или заклани грла говеда во регистриран кланичен капацитет | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледале и предале или заклале говеда во регистриран кланичен капацитет запишани во Регистар на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло, за период од мај 2025 година до април 2026 година и истите да се чувани најмалку три месеци во одгледувалиштето пред денот на предавањето во кланичен капацитети; -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледале и предале или заклале говеда во регистрирани кланични капацитети запишани во Регистар на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло, грлата говеда да не се помлади од осум месеци и да не се постари од 24 месеци, да имаат минимална тежина од 450 килограми на денот на колење и да се од следните раси: сименталско, оберинталско, монтафонско, херефорд, шароле, абердин ангус, белгиско плаво, лимузин, а за сите останати раси или мешавини од различни раси да имаат минимална тежина од 250 килограми и истите да се чувани најмалку три месеци во одгледувалиштето до денот пред да се предадат во кланичен капацитет и -Висината на директните плаќања |

| | | |
|---|---|---|
| | | изнесува 6.000 денари по предадено или заклано грло говедо за следните раси: сименталско, оберинталско, монтафонско, херефорд, шароле, абердин ангус, белгиско плаво и лимузин, а 4.500 денари за сите останати раси или мешавини од различни раси. |
| 3.7. | Директни плаќања за предадени или заклани гоеници во регистрирани кланични капацитети | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледале и предале или заклале најмалку 20 гоеници во период од мај 2025 година до април 2026 година во регистриран кланичен капацитет и запишани во Регистарот на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло; -Висината на директните плаќања за гоеници со тежина над 90 килограми изнесува 1.000 денари по грло и - Висината на поддршката од оваа подмерка се намалува со зголемување на бројот на заклани гоеници и тоа: од 20-15.000 грла 100%, од 15.001 до 25.000 грла 80% и над 25.001 грла 50%. |
| 3.8. | Директни плаќања за одгледани и предадени или заклани бројлери во регистриран кланичен капацитет | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат одгледани и предадени или заклани бројлери во период од 1 октомври 2025 година до 30 септември 2026 година во регистрирани кланични капацитети запишани во Регистарот на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло; -Висината на директните плаќања изнесува 80 денари по бројлер и |

| | | |
|---|---|---|
| | | -Висината на поддршката од оваа подмерка се намалува со зголемување на бројот на заклани бројлери и тоа: до 50.000 бројлери 100%, од 50.001 до 350.000 бројлери 75% и над 350.001 бројлери 50%. |
| 3.9. | Директни плаќања за амортизирани несилки предадени или заклани во регистриран кланичен капацитет | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат одгледани и предадени или заклани амортизирани несилки во период од 1 октомври 2025 година до 30 септември 2026 година во регистрирани кланични капацитети запишани во Регистарот на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло и<br>-Висината на директните плаќања изнесува 120 денари по несилка. |
| 3.10. | Директни плаќања за произведени и продадени еднодневни бројлерски пилиња и еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди | - Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои произвеле и продале еднодневни бројлерски пилиња и еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди во период од 1 октомври 2025 година до 30 септември 2026 година и<br>-Висината на директните плаќања изнесува 10 денари за продадено бројлерско пиле или еднодневно женско пиле од јајценосни хибриди. |
| 3.11. | Директни плаќања за произведен сертифициран посадочен материјал за градинарски култури од видот домат во 2024 година | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат произведен посадочен материјал за градинарски култури од видот домат и добиен сертификат за конечно сертифицирање во јули 2024 година за количина од 1.000.000 до 1.200.000 млади растенија согласно Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија, се запишани во Регистарот на снабдувачи на саден материјал за 2024, 2025 и 2026 година и не се корисници по подмерка 1.16. од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 8 денари по произведено сертифицирано младо растение од видот домат. |

(5) Поблиските критериуми за подмерките од мерката за поддршка на влезни елементи во производството, како и нивни производи од дел V од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2026 година се следни:

| Број на подмерка | Име на подмерката | Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања |
|---|---|---|
| 4.1. | Директни плаќања за набавка на лозов и овошен саден материјал | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат посадено сертифицирани лозови или овошни садници од домашно производство набавени од правни лица запишани во Регистарот на снабдувачи на саден материјал регистрирани согласно Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија за подигање на нови насади или реконструкција на постоечки;<br>- Висината на поддршката изнесува 35 денари за купен и посаден лозов калем и 40 денари за купен и посаден овошен садник во период од 1 ноември 2025 година до 31 март 2026 година;<br>- Минимално прифатлива посадена површина изнесува 0,5 ха, а максимално посадена површина до 2 ха;<br>-Прифатлив број на купени и посадени овошни садници по хектар изнесува најмалку 300 садници по хектар, а најмногу 1.500 овошни садници по хектар; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Прифатлив број на купени и посадени лозови садници по хектар изнесува најмалку 1.389 саднци по хектар, а најмногу 4.000 садници по хектар и<br>- Максималниот износ на поддршка по корисник за оваа подмерка изнесува 240.000 денари. |
| 4.2. | Директни плаќања за набавка на посадочен материјал за пипер, домат и краставица | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства корисници од подмерка 1.3. од став (2) на овој член кои имаат купен и посаден сертифициран хибриден посадочен материјал за градинарски култури од видовите пипер, домат и краставица купен од домашен пазар во период од 1 март до 30 август 2026 година и имаат склучени договори за производство на сертифициран хибриден посадочен материјал не подоцна од 1 март 2026 година со производители на сертифициран посадочен материјал кои произведуваат во заштитени простори наменети исклучиво за производство на расаден материјал во санитарно-исправни безвирусни услови со: употреба на сертифициран хибриден семенски материјал; спроведено Интегрирано управување за справување со штетници за следење на заболувања (Integrated Pest Management System); на подигнати табли за одгледување на растенијата од површината на земјата од најмалку 80 см и покриен под; со компјутеризирани оперативни системи: систем за наводнување, за контрола на присуство на штетници, инсекти и болести, систем за климатско одржување на потребните услови, и во заштитени од контаминација логистички системи на дотур на суровини и складирање на расадот, а запишани во Регистарот на снабдувачи на саден материјал во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и<br>-Висината на директните плаќања изнесува 5 денари по посадено растение купено по цена не пониска од 15 денари. |
| 4.3. | Директни плаќања за вештачко осеменување на женско говедо и добиено теле | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства одгледувачи на регистрирани говеда кои имаат оплодена крава/јуница по пат на вештачко осеменување и добиено и регистрирано теле во период мај 2025 до април 2026 година;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 2.000 денари по добиено и регистрирано теле и<br>-Висината на директните плаќања изнесува 4.000 денари за добиено и регистрирано женско теле по пат на примена на полово преддефинирано семе (sex semen). |

(6) Поблиските критериуми за помош за вршење на земјоделска дејност за заштита и унапредување на животната средина од дел XI став (1) алинеја 3 код на мерка 214 од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2026 година, како и висината на директните плаќања се следни:

1) За директни плаќања за грла говеда од автохтона раса буша:

- корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат минимум пет грла говеда од расата буша, ги имаат обележано и евидентирано во Регистарот на одгледувалишта на говеда и на денот на поднесување на барањето грлата се запишани во матична книга за расата буша кој ја води призната организација на одгледувачи регистрирана согласно член 6 од Законот за зоотехника (*);
- земјоделските стопанства да ја спроведуваат одобрената одгледувачка програма за расата буша согласно член 7 од Законот за зоотехника (*) и
- висината на директните плаќања изнесува 3.000 денари по грло буша запишано во матична книга, кое на денот на поднесувањето на барањето има наполнето 12 месеци и истото ќе го чуваат најмалку до 31 декември 2026 година;

2) За директни плаќања за грла овци од автохтона раса праменка (овчеполска):

- корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат минимум 30 грла овци од расата праменка (овчеполска), ги имаат обележано и евидентирано во Регистарот на одгледувалишта на овци и на денот на поднесување на барањето грлата се запишани во матична книга за расата праменка (овчеполска), кој ја води призната организација на одгледувачи регистрирана согласно член 6 од Законот за зоотехника (*);
- земјоделските стопанства да ја спроведуваат одобрената одгледувачка програма за расата праменка (овчеполска) согласно член 7 од Законот за зоотехника (*);
- висината на директните плаќања изнесува 800 денари по грло праменка (овчеполска) запишано во матична книга, кое на денот на поднесувањето на барањето има наполнето 12 месеци и истото ќе го чуваат најмалку до 31 декември 2026 година;

3) За директни плаќања за грла кози од автохтона раса балканска коза:

- корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат минимум 30 грла кози од расата балканска коза, ги имаат обележано и евидентирано во Регистарот на одгледувалишта на кози и на денот на поднесување на барањето грлата се запишани во матична книга за расата балканска коза, кој ја води признатата организација на одгледувачи регистрирана согласно член 6 од Законот за зоотехника (*);

- земјоделските стопанства да ја спроведуваат одобрената одгледувачка програма за расата балканска коза согласно член 7 од Законот за зоотехника (*);

- висината на директните плаќања изнесува 800 денари по грло балканска коза запишано во матична книга, кое на денот на поднесувањето на барањето има наполнето 12 месеци и истото ќе го чуваат најмалку до 31 декември 2026 година;

4) За директни плаќања за грла говеда од автохтона раса домашен бивол:

- корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат грла говеда од расата домашен бивол, ги имаат обележано и евидентирано во Регистарот на одгледувалишта на говеда и на денот на поднесување на барањето грлата се запишани во матична книга за расата домашен бивол кој ја води признатa организација на одгледувачи регистрирана согласно член 6 од Законот за зоотехника (*);

- земјоделските стопанства да ја спроведуваат одобрената одгледувачка програма за расата домашен бивол согласно член 7 од Законот за зоотехника (*);

- висината на директните плаќања изнесува 12.000 денари по грло говедо запишано во матична книга, кое на денот на поднесувањето на барањето има наполнето 12 месеци и истото ќе го чуваат најмалку до 31 декември 2026 година;

5) За директни плаќања за грла овци од автохтони раси праменка (каракачанска) и праменка (шарпланинска):

- корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат грла овци од расата праменка (каракачанска) или праменка (шарпланинска), ги имаат обележано и евидентирано во Регистарот на одгледувалишта на овци и на денот на поднесување на барањето грлата се запишани во матична книга за расите праменка (каракачанска) или праменка (шарпланинска), кој ја води призната организација на одгледувачи регистрирана согласно член 6 од Законот за зоотехника (*);

- земјоделските стопанства да ја спроведуваат одобрената одгледувачка програма за расата праменка (каракачанска) или расата праменка (шарпланинска) согласно член 7 од Законот за зоотехника (*);

- висината на директните плаќања изнесува 7.000 денари по грло праменка (каракачанска) или праменка (шарпланинска) запишано во матична книга, кое на денот на поднесувањето на барањето има наполнето 12 месеци и истото ќе го чуваат најмалку до 31 декември 2026 година;

6) За директни плаќања за одгледување на стопанско корисно автохтоно овчарско куче шарпланинец и овчарско куче караман:

-корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои одгледуваат овци и кози, кои поседуваат најмалку 50 грла овци и/или кози евидентирани во Регистарот на овци и кози, и на денот на поднесување на барањето се сопственици на педигрирани кучиња од расата шарпланинец и караман на кои е извршена идентификација со микрочип;

- максимален број е седум пријавени кучиња по земјоделско стопанство;

- висината на директните плаќања изнесува 3.000 денари по куче и се исплаќа за куче од расата шарпланинец и караман кое е на возраст над шест месеци на 30 септември 2026 година;

(7) Спроведувањето на подмерката 2.2. од став (3) на овој член ќе се врши согласно член 102 од Законот за земјоделство и рурален развој како дополнителна помош која се доделува на земјоделски стопанства корисници на директните плаќања од ставот (2) на овој член.

(8) Корисници на директни плаќања се земјоделски стопанства кои ги исполнуваат барањата согласно Правилникот за листа на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина.

(9) Во случај на несообразност со задолжителните барања или условите и посебните минимални услови за вкрстена сообразност, намалувањата или исклучувањата на корисниците од директните плаќања ќе се врши согласно Правилникот за начинот на утврдување на несообразноста и висината на процентот на намалување на директните плаќања во случај на несообразност (*).

Член 3

**Начин на директни плаќања**

(1) Директните плаќања во земјоделството за 2026 година ќе се извршуваат според поднесени барања за финансиска поддршка и рокови за поднесување на барањата со исклучок на подмерките 3.1., 3.2. и 3.5. од член 2 став (4) од оваа уредба и мерка 6 од дел VII од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2026 година.

(2) Спроведувањето на подмерката 1.1. алинеја 5 од членот 2 став (2) од оваа уредба, кој се однесува на оризопроизводителите при поднесувањето на барањето ќе треба да доставaт изјава дека засеаните сорти на ориз не се од сортата чистач (clear fields).

(3) Реализацијата на подмерката 3.1. од членот 2 став (4) од оваа уредба ќе се врши според податоци за договорени и откупени количини необработен тутун од реколта 2025 година, внесени во Електронскиот систем за евиденција на тутун (во натамошниот текст: ИСЕТ) од страна на правни лица регистрирани во Регистарот на откупувачи на тутун. Вкупно откупените количини на тутун од реколта 2025 година, се внесуваат во ИСЕТ најдоцна до 31 март 2026 година.

(4) Реализацијата на подмерката 1.9. од членот 2 став (2) од оваа уредба и подмерките 3.2 и 3.5. од членот 2 став (4) од оваа уредба ќе се врши според податоци за откупени количини на овошни и градинарски култури, кравјо, овчо и козјо млеко за период од јануари 2026 година до декември 2026 година кои до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ќе ги доставуваат регистрираните откупувачи на овошни, градинарски култури и сурово млеко.

(5) Реализацијата на подмерките 3.6. и 3.7. од членот 2 став (4) од оваа уредба ќе се врши врз основа на податоци за предадени или заклани грла говеда за период од мај 2025 година до април 2026 година, за подмерките 3.8 и 3.9 од членот 2 став (4) од оваа уредба ќе се врши врз основа на предадени или заклани бројлери и несилки за период од 1 октомври 2025 година до 30 септември 2026 година, а за подмерките 1.7. и 1.9. од членот 2 став (2) од оваа уредба за говеда и јагниња од оваа уредба ќе се врши врз основа на податоци за предадени или заклани грла говеда и јагниња за период од 1 јануари 2026 година до 31 декември 2026 година кои до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ќе ги доставaт регистрираните кланични капацитети во Република Северна Македонија до 31 јануари 2027 година.

(6) Административните проверки и контроли потребни за реализација на директните плаќања се вршат врз основа на податоци евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства.

(7) Спроведување на подмерките 1.1., 1.2., 1.3., 1.4., 1.5. и 1.6. од членот 2 став (2), подмерката 3.3. од членот

2 став (4) и подмерките 4.1. и 4.2 од членот 2 став (5) од оваа уредба се врши врз основа на барања кои треба да содржат податоци за површината на земјишните парцели евидентирани во СИЗП. Максималната дозволена површина на земјишните парцели евидентирани во СИЗП со утврдена употреба на земјоделско земјиште на земјоделското стопанство за кои се поднесува барање дополнително е ограничена со површината на катастарските парцели евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства. Административните проверки се вршат врз основа на податоците за површината на земјишните парцели евидентирани во СИЗП со утврдена употреба на земјоделско земјиште на земјоделското стопанство со состојба до денот на поднесување на барањето и со податоците за површините на катастарските парцели евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства со состојба до денот на поднесување на барањето. Контролата на самото место кај овие и кај сите останати подмерки кои се пресметуваат по површини се извршува на СИЗП наведени во барањето на кои барателот има декларирано производство.

(8) Спроведувањето на подмерките 1.7., 1.8., 1.9., 1.10. и 1.11. од членот 2 став (2) од оваа уредба во поглед на утврдување на бројната состојба на говеда, овци и кози се вршат врз основа на податоци од Регистарот за идентификација и регистрација на домашни животни на денот на поднесување на барањето, а утврдување на бројна состојба на маторици врз основа на потврди издадени од регистрирани ветеринарни друштва, а спроведувањето на подмерката 2.3. од член 2 став (3) од оваа уредба во поглед на бројната состојба на говеда, овци и кози се врши врз основа на податоци од Регистарот за идентификација и регистрација на домашни животни на денот на поднесување на барањето и врз основа на фактура или извод од трансакциска сметка за купено грло.

(9) Спроведување на подмерката 1.12. од членот 2 став (2) и подмерката 2.4. од членот 2 став (3) од оваа уредба се врши врз основа на податоци од Регистарот на одгледувалишта на пчели во Агенцијата за храна и ветеринарство и Регистарот на регистрирани - одобрени одгледувалишта на пчелни матици во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и податоци потврдени од регистрираното одгледувалиште на пчелни матици за нејзините членови кои ја спроведуваат одгледувачката програма за пчелни матици и бројот на пчелни семејства вклучени во селекција за производство на пчелни матици.

(10) Спроведувањето на подмерката 2.1. од член 2 став (3) од оваа уредба ќе се врши согласно член 77 став (8) од Законот за земјоделство и рурален развој, за помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство (ПОМ).

(11) Во случај кога барателот од ставот (1) на овој член има поднесено барање за обесштетување по основ на природна непогода согласно Законот за заштита и спасување, во тековната година не може да биде корисник по подмерките 1.2. и 1.3. од член 2 став (2) од оваа уредба и подмерките 3.1. и 3.2. од член 2 став (4) од оваа уредба, при што за истото Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој треба да обезбеди податоци од единиците на локалната самоуправа.

(12) Кога барателот ги нема подмирено финансиските обврски кон Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје по основ на користење на пасишта во државна сопственост и подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола, Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“-Велес и Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип по основ на неплатен воден надоместок ќе се овозможи меѓусебно пребивање на ненамирените финансиски обврски со одобрениот износ на финансиска поддршка, по претходна согласност на барателот со поднесена изјава заверена на нотар дека е согласен ненамирените обврски да се пребијат со одобрената финансиска поддршка.

(13) Изјавата од ставот (12) на овој член барателот треба да ја достави до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во рок од 20 дена од денот на доставувањето на известувањето за ненамирени финансиски обврски од ставот (12) на овој член од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

(14) Во случај кога барателот нема да достави согласност во рокот од ставот (13) на овој член, на истиот не му се исплаќа одобрениот износ на финансиска поддршка.

(15) Доколку одобрениот износ на финансиска поддршка на корисникот не е доволен за подмирување на сите обврски на корисникот утврдени во ставот (13) на овој член, подмирувањето на обврските се врши по следниот редослед:

1. неподмирени обврски по основ на решенија за поврат на средства добиени согласно Програмите за финансиска поддршка во земјоделството и Програмите за финансиска поддршка во руралниот развој од претходните години,

2. неплатена закупнина за користење на државно земјоделско земјиште,

3. обврски по однос на неплатен воден надомест и

4. неплатен надоместок за користење на државни пасишта.

(16) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство доставува до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој податоци за ненамирени финансиски обврски со состојба на 15 јануари 2026 година за неплатена закупнина за користење на државно земјоделско земјиште.

(17) Подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола, Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче” - Велес и Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип доставуваат до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој податоци за ненамирени финансиски обврски со состојба на 15 јануари 2026 година по основ за неплатен воден надоместок.

(18) Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта-Скопје доставува до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој податоци за ненамирени финансиски обврски со состојба на 15 јануари 2026 година за неплатен надоместок за користење на државни пасишта.

(19) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје и подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола, Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче” - Велес и Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип податоците од ставовите (16), (17) и (18) на овој член ги доставуваат до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој по електронски пат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

(20) Ажурирањето на внесените податоци врз основа на извршена уплата и/или технички грешки при пријавувањето на податоците за ненамирени финансиски об-

врски ќе го вршат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје, подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола, Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“-Велес и Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип.

(21) Податоците од ставовите (16), (17), (18), (19) и (20) на овој член кои ги доставуваат: Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје и подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола, Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“-Велес и Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејсности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој треба да ги содржат видот на обврската, висината на обврската (главен долг и камата), основот од кој произлегува обврската, податоци за должникот (име и презиме/назив, матичен број на граѓанинот на Република Северна Македонија/ЕМБС), податоци за сметка на субјектот на која треба да се изврши исплатата на обврската и истите треба да бидат целосни, комплетни и валидни за да се сметаат за основ за вршење на пребивање.

(22) Спроведувањето на директните плаќања од членот 2 став (6) точките 1), 2), 3), 4) и 5) од оваа уредба, во поглед на утврдување на бројната состојба на говеда, овци и кози се врши врз основа на податоци добиени од признати организации на одгледувачи регистрирани согласно член 6 од Законот за зоотехника (*), потврдени од трети лица со кои признатите организации на одгледувачи имаат склучено договор за спроведување на активности за испитување на продуктивноста или на генетската вредност на животните предвидени во одобрените одгледувачки програми согласно член 7 од Законот за зоотехника (*).

(23) Спроведување на директните плаќања од членот 2 став (6) точка 6) од оваа уредба се врши врз основа на податоци од педигрето издадено од Кинолошки сојуз на Република Македонија.

(24) Вкупниот максимален износ на директни плаќања по корисник пресметан во зависност од големината на површината на земјоделско земјиште, единицата земјоделски производ, бројот на грла добиток и влезните елементи во производството од подмерките од оваа уредба не може да биде поголем од 30.000.000 денари по корисник збирно за подмерките 1.1., 1.2., 1.3., 1.4., 1.5., 1.6., 3.1., 3.2., 3.3., 3.4., 4.1. и 4.2. од член 2 од оваа уредба и 30.000.000 денари по корисник збирно за подмерките 1.7., 1.8., 1.9., 1.10., 1.11., 1.12., 2.3., 2.4., 2.5., 3.5., 3.6., 3.7., 3.8., 3.9., 3.10., 3.11. и 4.3. од член 2 од оваа уредба.

(25) Спроведувањето на мерката 10 „Помош за поддршка на трошоците за набавка на гориво за земјоделска механизација“ од дел XI од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2026 година ќе се врши врз основа на податоци за големина на земјоделска површина по вид на земјоделски производ пријавени во барањата за финансиска поддршка во земјоделството во 2025 година, за директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури, директни плаќања по обработлива земјоделска површина за градинарски култури на отворено, пластеници и контролирани услови, директни плаќања по обработлива површина за одржување на постоечки овошни насади и директни плаќања по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки лозови насади, при што висината на помошта за:

- пченица, јачмен, пченка,`рж, овес, ориз, тритикале, просо, култивирани лековити, ароматични и зачински растенија изнесува 3.200 денари по ха;
- сончоглед, маслодајна репка, добиточна репка, афион, шеќерна репка, памук, граор, еспарзета, добиточен грашок и наут (слануток) и луцерка изнесува 4.800 денари по хектар;
- домати, пипер, лубеница, диња, тиква, грав, боранија, грашок, компир, краставици, корнишони, зелка, кељ, кромид, лук, праз, тиквички, зелена салата, брокула, спанаќ, карфиол, модар патлиџан, морков, целер, цвекло, пашканат и за лозови насади изнесува 9.600 денари по хектар;
- јаболко, круша, слива, праска, вишна, кајсија, цреша, јагода на отворено, малина, капина и боровинка изнесува 12.000 денари по хектар;
- дуња, актинидија, маслинка, калинка, јапонско јаболко, смоква, аронија, шип, гоџи бери, бадем и лешник изнесува 8.800 денари по хектар,
- тутун изнесува 11.000 денари по хектар и
- ореви и питоми костени изнесува 6.000 денари по хектар.

Доколку пресметаната висина на помош по земјоделско стопанство кое е со површина од 0,1 до 1 хектар е помала од 500 денари висината на помошта ќе се исплати во износ од 500 денари по земјоделско стопанство.

(26) За набавка на дизел гориво за земјоделска механизација Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој спроведува постапка за доделување на договор за јавна набавка.

Член 4

**Рокови за поднесување на барања**

Крајните рокови за поднесување на барањата од член 3 од оваа уредба по одделни подмерки од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2026 година се следните:

1. За подмерките 1.1., 1.2., 1.3., 1.4., 1.5., 1.6., 1.7., 1.8., 1.9., 1.10., 1.11. и 1.12. од членот 2 став (2), подмерката 2.2. од членот 2 став (3), подмерките 3.3., 3.6. и 3.7. од членот 2 став (4) и подмерките 4.1., 4.2. и 4.3. од членот 2 став (5) од оваа уредба, крајниот рок е до 15 мај 2026 година, а за подмерка 3.11. од членот 2 став (4) од оваа уредба крајниот рок е до 5 август 2026 година.
2. За подмерките 2.4. и 2.5. од членот 2 став (3) од оваа уредба крајниот рок е до 25 декември 2026 година.
3. За подмерките 3.4., 3.8., 3.9. и 3.10. членот 2 став (4) од оваа уредба крајниот рок за поднесување на барања е до 5 ноември 2026 година.
4. За подмерките од членот 2 став (6) од оваа уредба крајниот рок е до 31 октомври 2026 година.

Член 5

Правните лица кои се занимаваат со откуп, преработка и трговија на примарни земјоделски производи и услуги за колење, потребните податоци за реализирање на директните плаќања согласно Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2026 година, на барање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ги доставуваат во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Член 6

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-762/9
10 февруари 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

Прилог 1

Листа на едногодишни засеани култивирани лековити, ароматични и зачински растенија

1. Valeriana officinalis – мачкина трева (валеријана)
2. Inula helenium L. – оман (голем корен, волско око)
3. Ocimum basilicum L – босилек
4. Trigonella foenumgraecum L – грчко семе (пискавица, сминдух)
5. Angelica archangelica L. - ангелика
6. Digitalis lanata Ehrh. – волнест напрсток (бесник)
7. Chamomilla recutita L. /Matricaria chamomilla - камилица
8. Centaurea cyanus L. – синчец
9. Silybum marianum L. – (сикавица, дива артичока, бадељ)
10. Petroselinum crispum Mill. - магдонос
11. Calendula officialis L. - невен
12. Achilea millefolium L. – ајдучка трева
13. Echinacea purpurea ( angustiflia ) – сончев шешир
14. Plangato lanceolata L. – теснолистен тегавец
15. Hissopus officinalis L. - изоп
16. Arnica montana - арника
17. Urtica dioica L. - коприва
18. Gentiana lutea L. - линцура
19. Verbascum phlomolides и Verbascum densiflorum – лопен
20. Malva silvestris L. – црн слез (див слез, голем слез)
21. Althaea officinalis L.– бел слез
22. Saturea hortensis (montana) L.– чубрица
23. Anetum graveolens L. - копар
24. Artemisia dracunculus– естрагон,
25. Coriandrum sativum L. – кориандер
26. Sinapsis alba L. – бел синап
27. Artemisia absinthium L. – пелин (бел пелин, питом пелин)
28.Cuminum cyminum L. - кумин
29. Carum carvi L -ким
30. Laurus nobilis L.- ловор
31. Stevia Rebaudiana L. - стевија
32. Carthamus tinctorius -шафраника

Прилог 2

Листа на повеќегодишни култивирани лековити, ароматични и зачински растенија

1. Lavandula angustifolia L. - лаванда
2. Melissa officinalis L. – маточина (пчелина трева, лимон трева)
3. Mentha piperitae L - нане
4. Salvia officinalis L. - жалфија
5. Hipericum perforatum L. - кантарион
6. Majorana hortensis (Origanum majorana ) L. – мајоран
7. Thymus vilgaris L. - тимјан
8. Thymus serpyllum L.-мајчина душичка
9.Rosmarinus officinalis L.-рузмарин
10. Origanum vulgare - оригано
11. Helichrusum italicum - смиље
12. Galeopsistetrahit L. – коноплица
13. Trifolium repens L. – бела детелина
14. Sideritis scardika – планински чај
15. Sideritis raeseri – планински чај
16. Saffron – шафран

Прилог 3

Табела за минимално употребената количина на семе по хектар

| Вид | Минимална употребена количина на семе во кг./ха/број на семиња |
|---|---|
| Пченица | 200 кг. |
| Јачмен | 200 кг. |
| Пченка | 50.000 семиња или 15 кг/ха |
| Сончоглед | 35.000 семиња или 4,5 кг/ха |
| Маслодајна репка | 500.000 семиња |
| Ориз | 200 кг/ха |
| Тритикале | 200 кг./ха |

Прилог 4

Максимални приноси на одделни градинарски култури по хектар

| Градинарски култури | На отворено во тони на хектар | Во заштитен простор во тони на хектар (освен кај кромид) |
|---|---|---|
| Диња | 40 | 60 |
| Лубеница | 40 | 60 |
| Домат | 50 | 80 |
| Пиперка | 40 | 60 |
| Модар патлиџан | 40 | 60 |
| Зелка | 50 | 60 |
| Карфиол | 30 | 60 |
| Компир | 30 | 32 |
| Корнишони | 40 | 60 |
| Кромид | 40 | 5кг/м2<br>(млад кромид) |
| Праз | 30 | 40 |
| Морков | 40 | 60 |
| Цвекло | 40 | 60 |
| Спанаќ | 10 | 20 |
| Тикви | 40 | 60 |

Прилог 5

Табела за минимален број на овошки - садници по хектар за постоечки производни овошни насади по овошни видови

| Ред. број | Овошен вид | Прифатливиот број на садници по хектар е над |
|---|---|---|
| 1. | јаболка | 400 |
| 2. | круши | 330 |
| 3. | дуњи | 500 |
| 4. | мушмула | 550 |
| 5. | слива | 330 |
| 6. | праски | 330 |
| 7. | кајсија | 400 |
| 8. | цреши | 240 |
| 9. | вишна | 500 |
| 10. | орев | 70 |
| 11. | бадем | 330 |
| 12. | лешник | 270 |
| 13. | питом костен | 200 |
| 14. | актинидија (киви) | 550 |
| 15. | маслинка | 330 |
| 16. | калинка | 620 |
| 17. | јапонско јаболко | 330 |
| 18. | смоква | 500 |
| 19. | аронија | 1400 |
| 20. | боровинка | 2200 |
| 21. | шип | 1660 |
| 22. | рибизла | 3330 |
| 23. | малина | 8000 |
| 24. | капина | 1250 |
| 25. | јагода | 31000 |
| 26. | гоџи бери | 2500 |

Прилог 6

Максимални приноси на одделни овошни култури по хектар

| Овошен вид | тони на хектар |
|---|---|
| праска | 35 |
| вишна | 15 |
| цреша | 15 |
| слива | 45 |
| боровинка | 15 |
| малина | 10 |
| капина | 25 |
| аронија | 10 |
| гоџи бери | 10 |
| кајсија | 35 |
| јагода | 25 |
| калинка | 25 |
| лешник и бадем | 3 |

Прилог 7

Минимално остварено производство на одделни овошни видови и грозје по хектар

| Овошен вид | килограми на хектар |
|---|---|
| винско грозје | 12.000 |
| трпезно грозје | 15.000 |
| јаболка | 25.000 |
| слива | 12.000 |
| цреша | 5.000 |
| праска | 10.000 |
| вишна | 5.000 |
| кајсија | 8.000 |
| круша | 8.000 |
| јапонско јаболко | 12.000 |
| калинка | 3.000 |
| лешник, бадем и орев | 800 |